**ОБЈАВА ЗА ПЕЧАТ 18.11.2007г.**

На ден 17.11.2007г. во 22:00ч. (сабота) беше отворена официјалната програма на фестивалот со филмот од холандско-германска копродукција " Боли ли? " на режисерот Анета Лешниковска.
По премиерата,селекторот на главната програма, Лабина Митевска, направи куса Q&A ( прашања и одговори) дискусија на која што публиката, присутните гости и странски новинари поставуваа прашања и дебатираа за проектот на Анета.

Претходно, во 17:00ч. Во фоајето на арт-киното Фросина, Пол Хајет, дизајнер за специјални мејк-ап ефекти, презентираше дел од своите вештини и на еден доброволец од публиката му направи комплетна филмска маска.

Саботната вечер беше завршена со забава по повод филмот " Боли ли? " во бифето на МКЦ.

На ден 18.11.2007г. во 12:00ч. (недела), беше одржано прес-кафе со селекторот на документарната програма Рада Шешиќ, на кое се говореше за развојот и актуелноста на документарните филмови денес.
Рада Шешиќ истакна дека документарните филмови се се повеќе во редовна дистрибуција на фестивалите и зголемени се можностите во фондовите за аплицирање.
На жалост, интересот во Македонија за документарни филмови е најмал.

Истиот ден во 13:00ч. беше одржана и панел-дискусија во рамките на работилницата "Слики од Балканот " на тема – "Граници, идентитети", на која се отвори дебата за начинот на кој Балканот е презентиран во најновата филмска продукција.
Говорници на дискусијата: Елизабета Шелева (Македонија), Кујтим Чашку (Албанија), Станислав Семерџиев (Бугарија), Милосав Мариновиќ (Србија); модератор: Роберт Алаѓозовски.